INTERNATIONAL HOLOCAUST REMEMBRANCE ALLIANCE

# ПРЕПОЗНАВАЊЕ И СПРАВУВАЊЕ СО ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕТО НА ХОЛОКАУСТОТ

## ПРЕПОРАКИ ЗА КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИ И НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛУКИ

Првото издание е објавено во 2021 година од Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА)

© 2021, IHRA

Оваа публикација е финансиски поддржана од сојузното Министерство за надворешни работи, Берлин

Ставовите, мислењата и позициите наведени во оваа публикација не ги претставуваат ставовите на земјите членки на ИХРА.

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се копира за едукативни и за други некомерцијални цели, под услов секоја ваква репродукција да биде придружена со потврда дека нејзин извор е ИХРА

„Никој нема право да го негира или минимизира најлошото злосторство во историјата на човештвото – холокаустот. Целта на Глобалната работна група за искривоколчување на холокаустот е да се спротивстави на опасните лаги и искривени факти за холокаустот. Ние мора да учиме од нашето минато. Тоа им го должиме на секоја жртва и на секој преживеан. Знаеме кон што можат да нè водат омразата и говорот на омраза, ако луѓето едноставно креваат раменици и погледнуваат настрана. Сите ние треба да ја браниме демократијата.“

**Хајко Мас, 2020 г.**

„Сеќавањето има свој јазик, своја текстура, своја тајна мелодија, своја археологија и свои ограничувања; и тоа може да биде повредено, украдено и засрамено; но, наше е да го зачуваме и да направиме да не стане евтино, банално и стерилно. Да се запамети, значи да им се даде етичка димензија на сите заложби и аспирации.“

**Ели Визел, 2003 г.**

# Придонеси

Оваа публикација немаше да биде можна ако не беше непроценливиот придонес на Јулијане Вецел (Центар за истражување на антисемитизмот од Германија и иден претседател на Комитетот за антисемитизам и негирање на холокаустот) и на Роберт Вилијамс (Меморијален музеј на холокаустот во Соединетите Американски Држави, САД/ претседател на Комитет за антисемитизам и негирање на холокаустот).

Публикацијата е изработена со помошта на експерти и делегати на разни земји членки на ИХРА, како и на претставници на постојаните меѓународни организации-партнери на ИХРА.

Посебна благодарност за поддршката сакаме да им упатиме на: Брижит Бејлер (Центар за документација на отпорот во Австрија од Австрија), Јурмет Хајтема-де Вал (Фондација „Ана Франк“ од Холандија), Роберт Розет (Меѓународен институт за истражување на холокаустот, „Јад Вашем“, Израел), Камил Рупеикаите-Мариниук (Државен музеј на Евреите „Вилна Гаон“ од Литванија), Андреа Шањи (Фондација „УСЦ Шоа“ од Унгарија), Кристијан Ви („Фалстад“ центар од Норвешка) и Марк Вајцман (Центар „Симон Визентал“ од САД).

Содржината е подготвена преку серија експертски работилници, а посебна благодарност за учеството и придонесот упатуваме до Јохана Бараш (DILCRAH - Меѓуминистерска делегација за борба против расизмот, антисемитизмот и анти-ЛГБТ омраза од Франција), Илдико Барна (Универзитет „Еотвош Лоранд“ од Унгарија), Занет Батину (Музеј на Евреите во Грција), Вернер Дрејер (erinnern.at, Австрија), Карел Фракапане (УНЕСКО - Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура), Ева Фрид (Форум за живата историја, Шведска), Даниел Герсон (Институт за еврејски студии при Универзитетот во Берн, Швајцарија), Анемиек Гринголд-Мартинот (Национален меморијален центар на холокаустот „Холанд Шуубург“ од Холандија), Ендру Холингер (Меморијален музеј на холокаустот во Соединетите Држави), Џејн Џејкобс, („Јад Вашем“, Израел), Виктор Кундрак (ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка во Европа/ ОДИХР - Канцеларија за демократски институции и човекови права), Томас Луц (Фондација „Топографија на теророт“ од Германија), Алекс Мос (Здружение на еврејските бегалци во Велика

Британија), Ана Мишкова (Музеј на ромската култура во Чешка), Анри Никелс (Агенција за основни права на Европската Унија од Австрија), Зузана Павловска (Музеј на Евреите во Прага, Чешка), Трејси Петерсен (Обединетите нации, Програма за едукација во врска со холокаустот), Ирис Росенберг („Јад Вашем“, Израел), Ото Рил (гимназија Хелсингор во Данска), Леон Салтиел (Светски еврејски конгрес), Павел Савицки (Музеј на Аушвиц-Биркенау во Полска), Робин Склафани (ЦЕЈИ – Придонесот на Евреите кон инклузивна Европа, Белгија), Симонета Дела Сета (Национален музеј на италијанскиот јудаизам и Шоа во Италија), Томе Шеќерџиев (ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка во Европа/ОДИХР - Канцеларија за демократски институции и човекови права), Мишко Станишиќ („Тераформинг“ од Србија), Ирена Шуми (Универзитет во Љубљана, Словенија), Елизабет Унгуреану (Национален институт за проучување на холокаустот, „Ели Визел“ od Романија), Мајк Вајн („Community Security Trust“ од Велика Британија) и Гади Лузато Вогера (Фондација „Еврејски центар за современо документирање“ од Италија).

Посебна благодарност до Тоби Акселрод за уредување на публикацијата.

Најтопла благодарност упатуваме и до претставниците на УНЕСКО, особено на Карел Фракапане, за придонесот и проверката на оваа публикација.

Членови на Советодавниот одбор задолжен за подготовка на оваа публикација се: Роберт Вилијамс (Меморијален музеј на холокаустот во САД/претседател на Комитетот за антисемитизам и негирање на холокаустот), Јулијане Вецел (Центар за истражување на антисемитизмот од Германија/наскоро претседател на Комитетот за антисемитизам и негирање на холокаустот), Мајкл Бајер (шеф на австриската делегација во ИХРА), Карина Хауслмајер (шеф на германската делегација во ИХРА), Ленарт Алдик (заменик-генерален секретар на ИХРА) и Катрин Мејер (генерален секретар на ИХРА).

Проектот го координираше Јулана Бредтман (програмски службеник во постојаната канцеларија на ИХРА).

# Содржина

**ПРЕДГОВОР НА ХАЈКО МАС** 8

**ПРЕДГОВОР НА ЈУЛИЈАНЕ ВЕЦЕР И РОБЕРТ ВИЛИЈАМС** 10

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ИХРА** 13

**ВОВЕД** 14

1. Зошто треба да се спротивставуваме на искривоколчувањето на холокаустот? ........ 15
2. Што значи искривоколчување на холокаустот? ........ 17
3. Одговор на искривоколчувањето на холокаустот ........ 21
4. Што можат да направат креаторите на политики? ........ 25

**I. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕТО НА ХОЛОКАУСТОТ** 28

1. Насоки за мониторинг: препознавање на искривоколчувањето на холокаустот ........ 30
2. Транспарентни методологии: ставање акцент на искривоколчувањето на холокаустот ........ 32
3. Национална и меѓународна соработка: пристап без граници ........ 33

## II. ОБУКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕТО НА ХОЛОКАУСТОТ 34

1. Одржливо финансирање на обуки: да бидеме секогаш чекор напред ..... 38

2. Што да биде предмет на учење: основни поими коишто се однесуваат на искривоколчувањето на холокаустот ..... 40

3. За кого е наменета : креатори на јавното мнение и ментори ..... 43

## III. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ ЈА ОБРАБОТУВААТ ТЕМАТА НА ХОЛОКАУСТОТ: ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА 46

1. Обезбедување одржлива поддршка: поткрепа за институциите кои ја заштитуваат историјата ..... 49

2. Дефинирање рамки за групни посети и програми за среќавање: подготовка и последователен разговор ..... 51

3. Професионален развој: обезбедување насоки за водичите ..... 52

4. Зајакнување на меѓународната соработка: искривоколчувањето на холокаустот не познава граници ..... 53

## IV. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И РЕАГИРАЊЕ НА ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕТО НА ХОЛОКАУСТОТ НА ИНТЕРНЕТ 54

## V. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ 58

## ПОВЕЛБИ НА ИХРА И РАБОТНИ ДЕФИНИЦИИ 61

Стокхолмска декларација ..... 61

Министерска декларација од 2020 година ..... 61

Работна дефиниција за негирање и искривоколчување на холокаустот ..... 61

Работна дефиниција за антисемитизам ..... 61

Работна дефиниција за антициганизам и дискриминација на Ромите ..... 61

Повелба за меѓународни меморијални музеи ..... 61

# Воведен збор



**По повеќе од 75 години од завршувањето на Втората светска војна, образованието, сеќавањето и истражувањето на холокаустот се наоѓаат на крстопат. Како што генерацијата луѓе кои го преживеале холокаустот, за жал, полека заминува, ние имаме уште поголема должност да ја зачуваме документацијата и да се осигураме дека вистината за холокаустот ќе биде силно втемелена кај идните генерации. Ние имаме одговорност да се спротивставиме на неговото искривоколчување.**

Искривоколчувањето на холокаустот го поткопува нашето разбирање за историската вистина. Тоа е постојан проблем кој се „храни“ од општиот недостиг на свест и проблем кој ниту застанува во националните граници ниту е присутен само во земјите што биле директно погодени од холокаустот. Тоа е проблем што бара заеднички да се спротивставиме бидејќи ги поткопува вредностите врз кои беше изграден нашиот мултилатерален поредок по завршувањето на Втората светска војна.

Имајќи го предвид ова, германското претседателство со Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот на почетокот од годинава формираше глобална работна група за борба против искривоколчувањето на холокаустот. Уште од своето основање, оваа група препозна дека соработката меѓу државите и меѓу експертите, граѓанското општество и меѓународните организации е од суштинска важност за справување со оваа појава. Во насока на остварување на оваа цел, групата се потпира на меѓународниот дух на соработка во рамките на ИХРА.

Препораките се производ на мошне корисните размени на мислења, искуства и идеи претставени во рамките на овој форум. Тие ставаат акцент на дефинирање на искривоколчувањето на холокаустот, давањето препораки за практики со кои се препознава и се следи искривоколчувањето на холокаустот, за зајакнување на институциите и за справување со искривоколчувањето на социјалните мрежи. Сакам да им се заблагодарам на сите експерти и делегати кои се вклучија во работата, за нивната посветеност и стручност, со што овозможија да се реализира овој проект. Нашата соработка со УНЕСКО, со чие партнерство ја објавуваме оваа публикација, е дополнителна потврда на ваквиот дух.

Безброј институции во земјите членки на ИХРА и пошироко, веќе неуморно работат на зачувување на точната историја за холокаустот и на спротивставување на тенденциите за негирање и искривоколчување во нивните заедници. Со истата неуморна посветеност, владите и креаторите на политики и носителите на одлуки, сега мора да му обрнат внимание и на проблемот на искривоколчување на холокаустот, и тоа со вклучување на целото општество во овој процес. Со заложбите наведени во Министерската декларација на ИХРА од 2020 година, членките на ИХРА ја прифатија одговорноста да работат заедно, како држави, во насока на справување со искривоколчувањето на холокаустот, подвлекувајќи ја притоа штетата што оваа појава им ја нанесува на основните демократски принципи. Препораките за препознавање и справување со искривоколчувањето на холокаустот даваат корисен придонес за дополнително спроведување на овие напори. Овие препораки нека бидат најшироко дистрибуирани и користени.



**Хајко Мас**
Сојузен министер за надворешни работи, Германија

# Предговор

**На многу начини, обидите за искривоколчување на реалноста за холокаустот започнале во истото време кога нацистичка Германија и нејзините соработници го вршеле геноцидот врз Евреите во Европа и во Северна Африка.**

Во периодот по 1945 година, искривоколчувањето на холокаустот како проблем не бил предмет на голема дискусија. Сепак, барем во последниве децении, феноменот на негирање на холокаустот е нешто што заслужува особено внимание. Опасностите од целосно негирање на холокаустот ги поттикнаа креаторите на политики, научниците и едукаторите да изготват серија одговори кои вклучуваат активности поврзани со законската рамка, подобрени и посеопфатни образовни активности, поддршка и одржување на музеите и спомениците кои нѐ запознаваат и го одржуваат живо сеќавањето за холокаустот и за другите злосторства. Овие активности резултираа со голем број важни случувања, но предизвиците и натаму остануваат.

Иако негирањето и натаму претставува значителен проблем, искривоколчувањето на холокаустот стана уште поопасна закана и тоа на многу начини. На крајот на краиштата, искривоколчувањето на холокаустот не значи дека холокаустот не се случил. Наједноставно кажано, тоа погрешно го претставува холокаустот и неговата важност. Сепак, искривоколчувањето е нешто многу посложено од ова. Како што е наведено и во овие упатства, тоа може да има многу појавни облици, вклучително и некои кои навидум изгледаат многу невино. Искривоколчувањето е, исто така, предизвик со кој заеднички се соочуваат многу држави во светот, затоа што ги преминува културните и националните граници. Ваквиот развој на настаните добива уште поголемо значење поради подемот на политиките на т.н. „-нова-вистина“ и ширењето на омразата преку интернет.

Многу е тешко да се утврдат мотивите за искривоколчување на холокаустот. Дали се јавува поради цинизам или од омраза, или можеби поради непознавањето на фактите, или, пак, немањето подлабока свест за

холокаустот? Без оглед на мотивот, она што го оправдува или го дозволува ваквото искривоколчување, го поткопува нашето разбирање на холокаустот и почитта кон овој настан од историјата, и тоа е навреда за сеќавањата на жртвите и преживеаните од холокаустот.

Овој документ претставува голем исчекор во оформувањето на одговорот на меѓународно ниво во однос на предизвикот поврзан со искривоколчувањето на холокаустот. Исто како и работата на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), овие насоки и глобалната работна група против искривоколчувањето на холокаустот се производ на дијалогот и соработката меѓу различни меѓународни групи експерти во однос на ова прашање, партнерски организации на ИХРА и креаторите на политики. Групата немаше да постои без поддршката на Сојузна Република Германија и нејзиното претседателство со ИХРА. Полињата на едукација, сеќавањето и истражувањето на холокаустот ѝ должат голема благодарност на Германија за нејзината неуморна поддршка во континуираната потрага по решенија кои со искреност ќе го разгледуваат холокаустот како историска тема која е и ден-денес присутна. На крајот, овие заложби се резултат на работата која почна пред многу генерации, кога луѓето кои го преживеале холокаустот, првпат ги споделиле своите искуства со остатокот од светот. Наша задача е да го зачуваме сеќавањето за жртвите и преживеаните. Токму за нив, ние мора да продолжиме да се бориме со сите сили против уништувањето, заборавањето или извртувањето на минатото.

**проф. д-р Роберт Вилијамс (САД)**
**проф. д-р Јулијане Вецел (Германија)**

Сегашен и иден претседател,
Комитет за антисемитизам и негирање на холокаустот на ИХРА

**Сите земји членки на ИХРА се обврзаа „да ги предводат заложбите со кои се промовираат образованието, сеќавањето и истражувањето на холокаустот и геноцидот врз Ромите, со цел да се спречи влијанието за изврртување на историјата, на говорот на омраза и поттикнувањето насилство и омраза.“**

**член 8 од Министерската декларација на ИХРА од 2020 година**

# Информации за ИХРА

**Случувањата од холокаустот внесоа страв кај човештвото, а ние и денес се соочуваме со тоа наследство. Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА) ги дефинира најгорливите прашања во однос на холокаустот во целиот свет ставајќи ги во центарот на вниманието, за да ги искористат експертите и креаторите на политики, и притоа промовира практични активности како да се решат.**

ИХРА ги користи резултатите од работењето на повеќе дисциплини и во повеќе географски региони, а нејзините препораки се поткрепени од истражувања, од добрите практики, и тие се споделуваат со јавноста на ефективен начин

Како дел од стратегијата, експертите на ИХРА и политичките претставници ги фокусираат своите напори на справување со обидите за искривоколчување на холокаустот и на зачувување на историската документација. Ова се остварува преку развој на ангажирани мрежи, преку споделување добри практики и можности тие да бидат видливи и достапни за носителите на одлуки. На овој начин, ИХРА го поттикнува чувството за сеќавање на историјата со цел да се запознаат денешните креатори на политики.

Секоја земја има различен однос кон своето минато, но, сепак, многу земји се соочуваат со исти предизвици во заложбите за едукација, истражување и сеќавање на холокаустот. ИХРА претставува основен форум за нејзините земји членки, во кој тие ги споделуваат своите конкретни национални искуства и работат заеднички со соработниците на развивање добри меѓународни практики, кои исто така ја земаат предвид и чувствителноста на националниот контекст.

Во рамките на ИХРА има повеќе од 300 експерти и креатори на политики од повеќе од 40 земји, кои заеднички дискутираат и работат на унапредување на темите што се однесуваат на холокаустот, а кои имаат современа политичка важност. Делегати во ИХРА се многу светски познати експерти за холокаустот. Со секоја од националните делегации во ИХРА раководи висок државен претставник, кој најчесто доаѓа од министерствата за надворешни работи, министерствата за образование или министерствата за култура. Резултатот од оваа соработка се широкиот спектар материјали и тоа практични препораки, едукативни материјали, работни дефиниции, повелба и истражувачки публикации.

# Вовед

1 Зошто треба да се спротивставуваме на искривоколчувањето на холокаустот?

2 Што значи искривоколчување на холокаустот?

3 Одговор на искривоколчувањето на холокаустот

4 Што можат да направат креаторите на политики?

1

# Зошто треба да се спротивставуваме на искривоколчувањето на холокаустот?

**Искривоколчувањето на холокаустот претставува суштинска закана за сеќавањето на холокаустот и овозможување свет во кој нема да има геноцид.**

Упатувањата на холокаустот кои погрешно ја карактеризираат и ја искривоколчуваат неговата историја и релевантност, претставуваат навреда за сеќавањата и искуствата на жртвите и преживеаните. Искривоколчувањето на холокаустот го поткопува нашето разбирање за оваа историја и ги „храни“ теориите на заговор, опасните форми на национализам, негирањето на холокаустот и антисемитизмот.

Со ветувањето дека ќе ги поддржат принципите на Стокхолмската декларација, земјите членки на ИХРА беа во првите редови на развојот и поддржувањето на истражувањата, едукацијата и комеморативните активности на темата холокауст. Преку овие заложби, ОХРА сè повеќе им посветува внимание на начините со кои злоупотребата на холокаустот и неговото наследство ја поткопуваат историјата и му се закануваат на социјалниот, политичкиот и културниот соживот.

Во изминатава деценија искривоколчувањето на холокаустот сè повеќе се зајакнува. Тоа се манифестира на различни начини, кои имаат негативно влијание врз напорите за справување со омразата, и истовремено претставува закана за долгорочната стабилност на релевантноста на холокаустот како тема за заедничко сеќавање. Од тие причини, неопходно е земјите членки на ИХРА да ја подигнат свеста за искривоколчувањето на холокаустот и да изнајдат подобри можности и начини да се докаже тоа и соодветно да се реагира.

Креаторите на политики и владините службени лица во ИХРА заедницата се суштински партнери во ваквите настојувања. Разбирањето на искривоколчувањето на холокаустот во сите негови конкретни, небулозни и притаени форми може да биде основа за создавање политики и нивно зајакнување на повеќе фронтови – од културолошки и образовен, до правен. Сепак, одговорноста не е само кај владите и креаторите на политики. Постои голема потреба медиумите, социјалните мрежи, партнерите од граѓанското општество и службите задолжени за спроведување на законот на локално, национално и на меѓународно ниво да ја зголемат свеста и да го засилат одговорот на овој растечки проблем.

Овие насоки и препораки се одраз на мисијата на ИХРА за промовирање на образованието, сеќавањето и истражувањето за холокаустот. Во насока на исполнување на оваа мисија, земјите членки на ИХРА вложуваат напори на меѓународен план за борба против негирањето на холокаустот и антисемитизмот.

ИХРА ги презентира овие препораки како прв чекор во реагирањето на искривоколчувањето на холокаустот и во зајакнувањето на свеста за овој настан од историјата.

2

# Што значи искривоколчување на холокаустот?

**Негирањето на холокаустот има за цел да ја избрише историјата на холокаустот за да им даде легитимитет на нацизмот и на антисемитизмот. Искривоколчувањето на холокаустот е потешко да се разбере и препознае.**

Искривоколчувањето на холокаустот препознава некои аспекти од холокаустот како фактички аспекти, но, во секој случај, тоа наоѓа оправдување, го минимизира или погрешно го прикажува холокаустот на повеќе различни начини и преку разни медиуми.

**Во својата работна дефиниција за негирање и искривоколчување на холокаустот од 2013 година, ИХРА првично ги препозна следниве форми на искривоколчување на холокаустот:**

**Меѓународни обиди да се најде изговор или да се сведе на минимум влијанието што го имале холокаустот или неговите главни елементи, вклучувајќи ги тука соработниците и сојузниците на нацистичка Германија.**

На пример, констатацијата дека холокаустот не е релевантен за историјата на еден народ затоа што бил сторен од нацистичка Германија, би можела да биде една форма на искривоколчувањето, затоа што ваквиот аргумент: а) ја игнорира улогата што ја имале соработниците или членките на Оската во злосторствата поврзани со холокаустот, и б) упатува на тоа дека наследството од холокаустот немало влијание на нормите и институциите кои биле воспоставени по завршувањето на Втората светска војна.

### Значително намалување на бројот на жртвите во холокаустот, спротивно на потврдените извори.

Една форма на искривоколчување на холокаустот е тврдењето дека бројот на жртвите бил за неколку милиони луѓе помал отколку бројката која е официјално прифатена – 6 милиони Евреи убиени од нацистите и нивните соработници. Забелешка: науката проценува дека бројката е помеѓу 5,3 и 6,2 милиони жртви, при што за повеќето експерти во оваа област најприфатлива е бројката од 5,7 милиони жртви.

### Обиди да се обвинуваат Евреите дека самите го предизвикале сопствениот геноцид.

Форми на обвинување на жртвите се на пример тврдењата дека реакциите на Евреите на подемот на нацизмот или учеството на одделни Евреи во комунистичките движења го оправдувале нацистичкиот прогон врз Евреите. Ваквите форми на искривоколчување се историски неточни, го намалуваат товарот на вина врз сторителите и упатуваат на тоа дека холокаустот делумно бил оправдан.

### Тврдења кои го прикажуваат холокаустот како позитивен историски настан... (укажувајќи дека) не успеал до крај да ја оствари својата цел: „Конечно решение за еврејското прашање.“

На пример, тврдењето дека нацистите имале право со тоа што сакале да ги истребат Евреите не само што е лажно тврдење од историски аспект туку е исто така смела форма на антисемитизам, која има за цел да ги оправда постојаните злосторства врз Евреите.

### Обиди да се релативизира одговорноста на нацистичка Германија за формирање концентрациони и логори на смртта, со обвинување на други народи или етнички групи.

Оваа форма на искривоколчување ја префрла вината за холокаустот на локалните соработници и истовремено ја игнорира одговорноста на нацистичка Германија за геноцидот.

**Во меѓувреме, откако беше усвоена работната дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот, се појавија и следниве дополнителни форми (неколку примери):**

### Обвинување на Евреите дека го „користеле“ холокаустот за да се стекнат со одредени придобивки.

Тврдењата дека Евреите го „користат“ холокаустот за финансиска корист или како оправдување за формирање на Државата Израел, се антисемитски теории на заговор и упатуваат на тоа дека еврејскиот народ ја користел оваа историја за да постигне одредени или небулозни цели.

**Употреба на поимот „холокауст“ како упатување на настани или концепти кои на никаков логичен начин не се поврзани со геноцидот на еврејството од Европа и Северна Африка од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници во периодот од 1941 до 1945 година.**

Поради парадигматскиот статус на холокаустот како геноцид и неговиот симболичен статус како врвно зло, стана вообичаено да се прави несоодветно споредување помеѓу холокаустот и неповрзани современи настани, поединци и други геноциди или масовни злосторства. Неодговорните споредби можат да го искриват разбирањето на современите појави и на холокаустот. Накусо кажано, правењето несоодветни споредби ги потценува разбирањето на импликациите и значењето на холокаустот.

**Манипулирање со историјата на холокаустот преку активности поттикнати од државни органи со цел да се посее политички раздор во и надвор од границите на една држава.**

Изјавите поттикнати од државите против постапките на други држави за време на холокаустот биле вообичаен дел од пропагандата за време на Студената војна, и тие продолжуваат и денес. Ваквите изјави поттикнуваат одбранбен одговор и претставуваат закана по искреното ангажирање со оваа историја.

**Тривијализација или почитување на историски наследства на лица или организации кои биле соучесници во злосторствата на холокаустот.**

Обидите на државите и/или на локалните власти да создадат посебни форми на национални идентитети, најчесто се придружени со заложбите за рехабилитација на угледот на одредени лица, организации или идеологии, кои имаат врска со злосторствата направени во времето на холокаустот. Ваквите активности не само што ја изврттуваат историјата туку може да се сметаат и како чин на величење на соработката со нацистите или како обид да се легитимира нацистичката идеологија.

**Користење слики и јазик од холокаустот за политички, идеолошки или комерцијални цели што не се поврзани со ваквата историја, како на интернет-форумите така и физички.**

Јазикот и сликите што се поврзани со нацизмот се користат во различни контексти, особено на интернет, за да се нападне нечиј углед или да се привлече вниманието на јавноста. Со прекумерната употреба на зборот „холокауст“ или на поими поврзани со тоа, доаѓаме до точка во која тие ги губат значењето и важноста.

Искуството на државата во Втората светска војна може да влијае на искривоколчувањето на холокаустот: Дали државата била сторител? Дали била окупирана од нацистите или од членка на Оската? Дали била неутрална

или била заедно со Сојузниците? Кои биле нејзините искуства во периодот на Студената војна и какви се нејзините сегашни политички состојби?

Можно е во некои земји да се манипулира со историјата на холокаустот со намера да одговара на одредени тесни идеолошки и политички цели. Се случува и историските музеи, понекогаш ненамерно, да преземаат активности што значат искривување, а да бидат промотори на националниот наратив на таа држава. Можно е, на пример, некои институции да ги изедначат нацистичките злосторства со злосторствата на сталинистичкиот режим и тоа на начини со кои се намалува важноста на холокаустот. Понекогаш, овие активности промовираат наративи на национално страдање или углед на народни херои, од кои некои можеби биле учесници во прогонот на Евреите.

Искривоколчување на холокаустот може, исто така, да има и во намерата да се прикријат улогите што ги имале верските институции, политичките партии, образовните институции и истакнати личности во уметноста и науката, во времето кога биле направени злосторствата на холокаустот.

Искривоколчување на холокаустот може да произлезе и од споредување големи злосторства, без притоа да бидат внимателно ставени во контекст. Иако споредбениот пристап секако дека може да биде корисен, несвесното изедначување на холокаустот со други големи злосторства може да скрие одредени аспекти од историјата; може да се користи понатаму во политички цели; или, едноставно, да упатува на поврзаност меѓу различни геноциди кои го намалуваат или тривијализираат холокаустот.[1]

И на крајот, некои искривоколчувања на холокаустот се резултат на немањето свест. Намаленото познавање на историјата или немањето можности за потемелно запознање со оваа тема, може да доведат до незнаење, погрешно прикажување, немање подлабока свест и неинформирани забелешки и/или споредби во однос на холокаустот.

Без оглед на мотивациите, сите форми на искривоколчување на холокаустот носат ризик да им се даде легитимитет, или дополнително да се градат поопасни форми на омраза: искривоколчувањето може да ја поткопа историската и современата важност на оваа невидена трагедија и на нејзините поуки за нас денес.

[1] Види ги материјалите на Комисијата за холокауст, геноцид и злосторства против човештвото на ИХРА: https://holocaustremembrance.com/holocaust-genocide-and-crimes-against-humanity

3

# Одговор на искривоколчувањето на холокаустот

Земјите членки на ИХРА дадоа ветување дека ќе се придржуваат кон принципите на Стокхолмската декларација од 2000-тата година. Тие ја потврдуваат потребата да се „поддржи ужасната вистина за холокаустот“ и да се обезбеди дека нивните граѓани „можат да ги разберат причините за холокаустот и да размислуваат за неговите последици“.

Справувањето со искривоколчувањето на холокаустот е суштинска компонента на оваа цел. Во таа смисла, ИХРА се посвети на препознавање на ресурсите и механизмите што ќе можат да помогнат неговото влијание да се сведе на минимум. Примери за овие ресурси се дадени во прилог на оваа публикација.

## Понови документи на ИХРА во однос на искривоколчувањето на холокаустот:

Работна дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот (2013): https://www.holocaustremembrance.com/mk/resources/working-definitions-charters/rabotna-definicija-na-negiraneto-i-iskrivokolchuvane-na

Комитет за антисемитизам и негирање на холокаустот – Документ за негирање и искривоколчување на холокаустот (2019): https://www.holocaustremembrance.com/mk/resources/working-definitions-charters/rabotna-definicija-na-negiraneto-i-iskrivokolchuvane-na

Изјава на ИХРА за рехабилитација (2020): https://www.holocaustremembrance.com/statements/ihra-statement-rehabilitation

Министерска декларација на ИХРА 2020 година: https://www.holocaustremembrance.com/mk/about-us/ministerska-deklaracija-na-ikhra-od-2020-godina

Кога станува збор за справување со искривоколчувањето на холокаустот на интернет, во печатените или во електронските медиуми или лице-в-лице, креаторите на политики и носителите на одлуки мора да бидат „вооружени“ со факти: за холокаустот, со најчестите аргументи на оние кои активно го искривоколчуваат холокаустот и за растечките трендови. Ним им се потребни современи ресурси и соодветни материјали со кои ќе можат да го препознаат и да одговорат на искривоколчувањето на холокаустот, вклучително и тоа дали и како да се соочат со оние што го прават, притоа без да изгледа како да им се дава легитимитет на нивните позиции.

**Развојот на овие нови пристапи ќе бара соработка со партнерите. ИХРА ќе придонесе со конкретни сценарија во кои се објаснети појавните форми на искривоколчување на холокаустот, како што се следниве:**

## Сценарио 1

### Поединец, организација или јавна кампања прават споредба помеѓу некој современ настан и холокаустот.

Одговор: Холокаустот е посебно злосторство во дваесеттиот век. Иако понекогаш се користи како појдовна точка за други појави, со правењето несоодветни споредби се придонесува кон недоволно разбирање на специфичноста на холокаустот. Исто така, прекумерната употреба на поимот „холокауст“ може да ја поткопа почитта за сериозноста на злосторствата што биле сторени. Неопходно е да се одговори на ваквите тврдења или со спротивставен наратив, кој се базира на факти, или преку едукативни кампањи. Ваквите одговори можеме да ги развиваме во соработка со партнери од граѓанското општество, научниот свет и организации на лица кои го преживеале холокаустот.

## Сценарио 2

# Поединец или организација тврдат дека ставањето акцент на холокаустот ги намалува важноста и почитта на другите геноциди или злосторства против човештвото.

Одговор: Иако повеќето експерти се согласуваат дека употребата на зборот „холокауст“ (или „шоа“) конкретно се однесува на масовното убиство на околу 5,7 милиони Евреи од Европа и од Северна Африка од страна на нацистите и нивните соработници, не постојат сериозни аргументи за тоа дека научниците, едукаторите или пошироката јавност мора да се интересираат само за холокаустот, а не и за другите злосторства. Секако дека има и голем број други нацистички злосторства кои биле придружен дел од холокаустот, како што е геноцидот врз Ромите, и многу други геноциди и масовни злосторства против човештвото кои му претходеле, но и се случиле по холокаустот. Неопходно е да ја имаме предвид специфичноста на холокаустот за да се обезбеди дека ја почитуваме специфичната природа на тоа злосторство и дека истовремено оддаваме почит на сеќавањето на жртвите. Во таа смисла, неопходно е да се разберат специфичните карактеристики и на другите геноциди и злосторства за да изградиме и одржуваме искрено разбирање и почит кон тие злосторства. За да се постават работите на соодветни основи, неопходно е креаторите на политики да соработуваат со научници од земјата и од странство кои го истражуваат холокаустот и/или со институции кои конкретно се однесуваат на холокаустот, како што се автентични локации, меморијални центри или музеи.

## Сценарио 3

# Наставните планови во државата или комеморативните настани претерано (или исклучиво) се фокусираат на активностите што биле преземени од спасителите.

Одговор: Иако на спасителите треба да им биде оддадена почит за нивната несебична храброст, претераното потенцирање на овој факт може да сугерира дека таквите работи биле вообичаени во времето на холокаустот иако, всушност, биле реткост. Уште повеќе, преголемото ставање акцент на спасувањето може да ги ограничи дискусиите на другите аспекти на холокаустот, како што се улогите што ги имале сторителите, соработниците, случајните минувачи и, се разбира, искуствата на жртвите, што претставува можност за појава на одредени форми на искривоколчување на холокаустот. Комуникацијата со едукаторите и со институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот на начини што ги земаат предвид повеќето културолошки, национални и меѓународни перспективи, може да доведе до побалансирано претставување на оваа сложена историја.

# 4

# Што можат да направат креаторите на политики?

Целта на овие насоки е да им овозможат поддршка на креаторите на политики, на официјалните владини претставници и на граѓанското општество и како да се справат со ситуации на искривоколчување на холокаустот, и тоа во четири главни области:

- препознавање и справување со оваа појава;
- обука на креаторите на политики во министерствата за култура, образование, внатрешни работи, правда и надворешни работи, како и полицијата, правосудството, избраните и раководни лица на национално, регионално и општинско ниво;
- едукативна работа во институциите во кои, меѓу другото, се обработуваат и историјата и важноста на холокаустот (како што се музеи, меморијални центри и места на кои конкретно се случувал прогонот);
- начини за справување со искривоколчувањето на холокаустот на интернет.

Овие насоки содржат вкупно четири дела и во секој од нив се дадени објаснувања и препорака. Во последниот дел е дадена листа на дополнителни ресурси.

Препораките дадени во овие четири дела имаат многу заеднички нешта: зависат од одржливо финансирање, транспарентност и (кога е релевантно) од меѓународна соработка. Тие, исто така, зависат од обучување на стручните лица и развивање нови методи за следење и мониторинг на искривоколчувањето на холокаустот. Дополнително, потребна им е широка коалиција од експерти, а заедничка цел им е да го подобрат знаењето за холокаустот на сите општествени нивоа. Ова подразбира не само образование туку и постојани напори да се овозможи пристап до музеи, меморијални центри, комеморации и други културолошки важни места со кои се поттикнува сеќавањето за холокаустот. Потребни се и повеќе ресурси и можности за истражување на холокаустот на ниво на универзитети и други академски институции, како и постојана и безусловна соработка на владата со

меѓународно признати експерти во однос на препознавањето и давањето одговор на искривоколчувањето на холокаустот.

Овие насоки ќе им помогнат на креаторите на политики во препознавањето и давањето одговор на случаите на искривоколчување на холокаустот, а исто така, ќе ги засилат и поврзаните иницијативи, како што се националните стратегии против антисемитизмот, образовните политики против говорот на омраза и работењето на музеите и меморијалните центри.

Препознавајќи дека националниот и регионалниот контекст е она што ќе влијае на самата имплементација, земјите членки на ИХРА би можеле да споделуваат добри практики во однос на ова и на други прашања.

## Градење професионални капацитети

## Унапредување на соработката и размената

## Развивање алатки и насоки

## Обезбедување одржливо финансирање

## ПРЕГЛЕД

### I

### Препознавање и следење на искривоколчувањето на холокаустот

Поради справување со обемот, сериозноста и воопшто со проблемите поврзани со искривоколчувањето на холокаустот, владите и граѓанското општество мора да обезбедат одржливо препознавање (идентификување) и следење (мониторинг) на неговите појавни форми.

### II

### Програми за обука во врска со искривоколчувањето на холокаустот

За да се зголеми свеста и да се подобрат капацитетите во врска со искривоколчувањето на холокаустот, владите, во соработка со граѓанското општество, би требало да развијат и поддржат одржливи програми за обука наменети за различна целна публика.

### III

### Зајакнување на музеите и меморијалните центри

Овие институции постојано имаат важна улога во одбраната против искривоколчувањето на холокаустот. Тие овозможуваат повеќекратни можности за заштита на историската документација и во таа смисла им е потребна помош во справувањето со предизвиците што потекнуваат од оние кои ја изврткуваат вистината.

### IV

### Стратегии во однос на социјалните мрежи

Постои потреба институциите што се занимаваат со холокаустот да ги користат социјалните мрежи на начин што ќе ја зајакнува свеста кај нивната публика за искривоколчувањето на холокаустот. Неопходна е размена на добри практики на меѓународно ниво, како и поголема поддршка за присуство на социјалните мрежи на овие институции.

I

# Препознавање и следење на искривоколчувањето на холокаустот

Овој дел го обработува прашањето на следење на обемот и степенот на искривоколчување на холокаустот, како суштински чекор во справувањето со овој проблем. За соодветно да се разберат проблемите што ги предизвикува искривоколчувањето на холокаустот, владите и граѓанското општество мора да ги зајакнат напорите за препознавање и следење на овие појави.

**Експертите се согласуваат дека искривоколчувањето на холокаустот има различни појавни форми и дека може да влијае и на другите форми на омраза. Оние кои ги следат говорот на омраза или кривичните дела од омраза, постојано се среќаваат со случаи на искривоколчувања на холокаустот, но сегашните статистички показатели, вклучувајќи ги и оние што се фокусирани на антисемитизмот, не се доволни за справување со оваа појава. За да можеме да ги разбереме обемот и влијанието на искривоколчувањето на холокаустот, неопходни ни се алатки за препознавање и за следење на оваа појава.**

Стратегиите за следење треба да одговараат на меѓународно договорените стандарди и добри практики, но и да ги надополнуваат.

**Препораки за креаторите на политики:**

### 1 Развој на насоки за тоа како да се спроведува следењето

Заедно со поважните субјекти од владиниот, меѓувладиниот и граѓанскиот сектор, креаторите на политики би требало да работат во правец на развивање насоки наменети за групи што ги следат говорот на омраза и кривичните дела од омраза сè со цел да можат соодветно и ефикасно да се справат со случаите на искривоколчување на холокаустот, истовремено почитувајќи ги универзалните начела за човековите права, вклучително и на слободата на изразување.

### 2 Поттикнување на употребата на транспарентни методологии за целите на следење

Органите и дигиталните платформи кои вршат следење и мониторинг треба да користат транспарентни пристапи со кои се олеснува споделувањето на информациите, а во насока на подобрување на отчетноста, со истовремено почитување на правото на приватност. Ова треба да подразбира известување за резултатите со користење формални механизми и меѓународни рамки или, во случај на дигитални платформи, редовно транспарентно известување.

### 3 Зајакнување на домашната и на меѓународната соработка

Препознавајќи го фактот дека овој проблем бара глобални решенија, креаторите на политики и граѓанското општество мора, секогаш кога е можно, да се вклучат во заеднички дијалог на меѓународно ниво, кој ќе опфаќа повеќе засегнати страни и ќе се одвива преку мултилатерални организации, како што е ОБСЕ, за развивање заеднички стратегии.

# Насоки за мониторинг: препознавање на искривоколчувањето на холокаустот

**Меѓународните насоки ќе им овозможат на владите, на меѓународните организации, граѓанското општество, медиумите, оние што ги проверуваат фактите и на интернет-платформите да го препознаваат и да го следат искривоколчувањето на холокаустот.**

Искривоколчувањето на холокаустот најчесто не се казнува. Субјектите во правосудството би требало да знаат, *a fortiori*, како да прават разлика помеѓу законски и незаконски говор, во согласност со меѓународните стандарди за слобода на изразувањето.[2]

Ресурсите што ги овозможува ИХРА можат да помогнат подобро да се разбере овој проблем, но и натаму има потреба од меѓународни насоки во кои ќе бидат содржани разните појавни форми на искривоколчување на холокаустот. Креаторите на политики и нивните релевантни соработници треба да водат одржлив дијалог во кој ќе бидат вклучени повеќе засегнати страни за да можат да се донесат стандарди според кои ќе дејствуваат а со цел да се справат со искривоколчувањето на холокаустот и тие појави да се сведат на минимум.

[2] Овие стандарди се содржани во Меѓународниот договор за граѓански и политички права (членови 19 и 20) и во Планот за акција од Рабат за забрана на застапување национална, расна или верска омраза, што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство.

# ПАРТНЕРИ И КОРИСНИЦИ НА НАСОКИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ

**Меѓународни организации, како што се ОБСЕ/ОДИХР, Агенцијата за основни права или Советот на Европа,** чија задача е да ги следат појавните форми на говорот на омраза/кривичните дела од омраза, или пак УНЕСКО, кој има мандат во однос на слободата на изразување и справување со говорот на омраза.

**Национални агенции** задолжени за следење и пријавување на говорот на омраза/кривичните дела од омраза.

**Невладини и граѓански организации** кои прибираат информации за говорот на омраза/кривичните дела од омраза и за другите форми на дискриминација.

# Транспарентни методологии: ставање акцент на искривоколчувањето на холокаустот

**Освен од потребата за користење едноставни алатки за препознавање на појавните форми на искривоколчување на холокаустот, има потреба и од транспарентни методологии за следење на оваа појава во повеќе различни заедници, држави и на меѓународно ниво, како и помеѓу платформите наменети за комуникација.**

Технолошките алатки сами по себе не се доволни: суптилните финеси во препознавањето на појавите на искривоколчување на холокаустот и во определувањето дали треба да се преземат активности за тоа да се отстрани или намали, често бараат интервенција од човекот, и притоа, политиките и пристапите може да бидат различни, од една до друга заедница. Во таа смисла, неопходно е социјалните мрежи да ја зајакнат соработката со владите и со експерти во предметната област за подобро да се прифат локалните, регионалните, националните и меѓународните разлики во начините на кои се појавува искривоколчувањето на холокаустот.

# Национална и меѓународна соработка: пристап без граници

Справувањето со појавните форми на искривоколчување на холокаустот треба да претставува составен дел од напорите за подобрување на знаењето за холокаустот и за справување со антисемитизмот. Во моментов, ниту еден меѓународен или национален орган не врши систематско следење на искривоколчувањето на холокаустот иако некои од нив ги следат другите појави поврзани со тоа, како што се негирањето на холокаустот, антисемитизмот и говорот на омраза. Делумно ваквата состојба е поради предизвиците поврзани со признавањето на искривоколчувањето на холокаустот и поради опасностите што се поврзани со тоа. Едно можно решение во оваа смисла би било споделување на добрите практики со национални и меѓународни тела, кои веќе ги следат формите на антисемитизам, и развивање (и примена) на доследни алатки за следење на искривоколчувањето на холокаустот.

II

# Обука за справување со искривоколчувањето на холокаустот

Овој дел ги опфаќа предизвиците поврзани со подигање на свеста кај креаторите на политики и другите професионални лица во однос на искривоколчувањето на холокаустот. Властите на локално, национално и регионално ниво треба да ги поддржат програмите за обука чија цел е препознавање и справување со случаите на искривоколчување на холокаустот. Тие, исто така, треба да соработуваат и со меѓународни тела секогаш кога е можно.

**Поради различните појавни форми што може да ги има искривоколчувањето на холокаустот, владите и полициските службеници имаат потреба од алатки и капацитети за да го препознаат и соодветно да реагираат. Владите и поважните меѓународни организации треба, во соработка со институциите што се занимаваат со холокаустот и партнери од граѓанското општество, да изготват соодветни програми за обука наменети за различна целна публика.**

Може да се каже дека станува збор за итно прашање: неодамнешните истражувања покажаа значително намалување на свеста во врска со холокаустот и генерално со историјата, и ваквиот (понекогаш зачудувачки) дефицит е основа за искривување на таквите кривични дела, инаку појава што е тесно поврзана со антисемитизмот.

**Препораки за креаторите на политики:**

### 1 Развивање одржливи и финансиски поткрепени рамки

Владите треба да овозможат постојано финансирање на обуките со кои ќе се препознаваат и ќе се реагира на појавните форми на искривоколчувањето на холокаустот. Креаторите на политики треба да се залагаат за финансиска поддршка за организациите кои имаат признаена експертиза во однос на говорот на омраза, антисемитизмот и прашањата поврзани со холокаустот, вклучувајќи ги и граѓанското општество, медиумите, академскиот свет и меѓународни организации.

### 2 Развивање насочени и одржливи програми за обука

Локални и меѓународни експерти треба да соработуваат со ИХРА и со релевантни меѓународни и национални организации во обмислувањето и спроведувањето на одржливи програми за обука на одредени целни публики (кои вклучуваат креатори на јавното мнение, претставници на медиумите, интернет-компании и други) и/или за користење постојни материјали за целите, потоа за насочена дискусија, или за потреби на сеопфатни програми за обука.

### 3 Да се поттикнува учеството во обуките

Земјите членки на ИХРА треба да ги препознаат оние креатори на политики и субјекти кои ги донесуваат одлуките, а кои би имале полза од програмите за обука што се насочени на препознавање и давање одговор на искривоколчувањето на холокаустот, и потоа да ги поттикнуваат да учествуваат во нив.

## Истражувањето спроведено кај генерацијата „миленијалци[5]“ во сите 50 сојузни држави на САД дојде до следниве констатации:

Септември 2020 г.: анкета спроведена кај „миленијалците“ и „Генерацијата 3[6]“ во сите 50 сојузни држави на САД од Конференцијата на еврејските материјални барања од Германија (Конференција)

5 Генерациите родени во периодот од 1981 до 1996 година се нарекуваат „миленијалци“ (заб.прев.)
6 Генерациите родени во периодот од 1995 до 2010 година се нарекуваат „Генерација 3“ (заб.прев.)

**Значителен број... не знаат да наведат еден концентрационен логор и сметаат дека биле убиени два милиона Евреи (или помалку).**

**Речиси половината од испитаниците (49 проценти)... одговориле дека виделе објави на интернет во врска со негирање или искривоколчување на холокаустот.**

**„Загрижувачки процент“ од испитаниците... смета дека всушност Евреите го предизвикале холокаустот.**

Анкетирањето на австриските граѓани во врска со знаењето и свеста за холокаустот спроведено во периодот февруари-март 2019 година од Конференцијата на еврејските материјални барања од Германија констатираше дека...

**56% и 58% од сите „миленијалци“ и „Генерацијата 3“ не знаат дека во холокаустот биле убиени шест милиони Евреи.**

## Од честото слушање или гледање на тврдењето дека...

**„холокаустот е заблуда која е претерана“**

**5% одговориле „цело време“, 19% одговориле „често“ и 38% одговориле „понекогаш“**

Според истражување спроведено од Агенцијата за основни права на ЕУ во врска со искуствата и перцепциите за антисемитизмот во декември 2019 година

# Едно истражување во Европа покажа дека:

**една третина од европските испитаници... изјавиле оти многу малку знаат за холокаустот или воопшто не знаат ништо.**

**Четворица од десет возрасни лица во Австрија... изјавиле дека знаат „само малку“.**

**20% од испитаниците во Франција на возраст 18–34 години и 12% од Австријците во истата возрасна група изјавиле дека... никогаш не слушнале за холокаустот.**

Според CNN – Анкета во врска со антисемитизмот во Европа (спроведена од ComRes) во септември 2018 година

## Анкета спроведена кај француските граѓани констатираше дека...

Инфратест анкета на германските граѓани за вестите на „Дојче веле“ спроведена во ноември 2019 година покажа дека...

**само 56% од „миленијалците“ и „Генерацијата 3“ знаат за собирањето на Евреите од Вел д'Ив во 1942 година, во споредба со вкупниот процент од 74%.**

**Само 2% од испитаниците знаеле за логорот „Дранси“ кој се наоѓал во едно предградие на Париз.**

Анкета за свеста кај француските граѓани во врска со холокаустот спроведена во ноември 2019 од Конференцијата за барања.

## постепено се зголемува бројот на оние што мислат дека е време да се заборави нацистичкото минато.

Иако 37% генерално се согласиле, 56% од оние кои имале меѓу 8 до 10-годишно образование сакале „да се затвори тоа поглавје“. Анкетата исто така констатираше дека 72% од поддржувачите на десничарската популистичка партија „Алтернатива за Германија“ се согласуваат дека Германците не треба да посветуваат многу време на соочување со нацистичкиот период.

# Одржливо финансирање на обуки: секогаш да бидеме чекор напред

**Владите се тие што треба да им овозможат одржлива и доследна финансиска поддршка на организациите кои се занимаваат со темата на холокаустот за да можат да споделуваат, развиваат и спроведуваат програми за обуки наменети за креаторите на политики, правосудството, обвинителството, полицијата, новинарите, свештените лица и другите креатори на мислење. Корисници на ваквата поддршка би можеле да бидат академските, образовните и други институции кои имаат препознаена експертиза во областите на говорот на омраза, антисемитизмот и прашањата поврзани со холокаустот, како и оние што соработуваат со ИХРА и со релевантните меѓународни организации.**

Со доследна финансиска поддршка ќе се овозможи овие институции да можат да одвојат и време и да најдат луѓе неопходни да се развиваат програми за обука со кои ќе се фатат во костец со предизвиците кои постојано се менуваат. Со други зборови, искривоколчувањето на холокаустот е постојано променлива категорија.

Без разлика дали образованието за холокаустот се спроведува на ниво на средни училишта, универзитети или во друга образовна средина, тоа не претставува универзален лек само по себе. Искривоколчувањето и натаму ќе биде присутно, особено во време на социјални, политички или економски случувања, а голема улога имаат и теориите на заговор (вклучувајќи го тука и извртувањето на историјата).

Сепак, јасно е дека подобрените пристапи во образованието, вклучително и медиумската и информациска писменост, можат да имаат голема улога во контролата на искривоколчувањето на холокаустот. Во таа смисла, неопходно е да се обезбеди стабилно и безусловно финансирање на овие активности.

# ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

- Ангажирање (и учење од) академски и образовни институции кои имаат препознаена експертиза во однос на говорот на омраза, антисемитизмот и прашањата поврзани со холокаустот.
- Да се обезбеди дека кандидатите за обука се одраз на различноста на локалното општество, на јавноста и на секоја друга целна публика.
- Развивање начини за подобрување на знаењето и на критичкото размислување во врска со холокаустот, со акцент на неговото искривоколчување и поврзување со антисемитизмот.
- Да им се помогне на креаторите на политики и на другите во развивањето на историската свест преку проучување на толкувањата и сеќавањето за холокаустот, како и преку учество во национални и локални традиции на сеќавање и комеморација.

# Што да биде предмет на учење: основни поими поврзани со искривоколчувањето на холокаустот

**Наставната програма за искривоколчувањето на холокаустот наменета за професионалната публика треба да опфаќа повеќе аспекти и да биде достапна за повеќе различни учесници, вклучувајќи ги тука (и не само) полицијата, правосудството, јавните службеници или други групи на носители на одлуки.**

Локални и меѓународни експерти треба заеднички да обмислат програми за обука и/или да ги користат постојните материјали за целите на фокусирани дискусии а во врска со искривоколчувањето на холокаустот, зависно од факторите како што се локалниот контекст, приоритетите и целните групи.

Образованието во врска со искривоколчувањето на холокаустот ќе варира зависно од националниот контекст, од што ќе зависи и одлуката за тоа кои теми ќе бидат предмет на потемелно или поповршно истражување. Образовните програми треба да ја одразуваат различноста на плуралистичките општества. Понекогаш можеби ќе треба на курсевите да се опфатат и некои специфични карактеристики за да бидат поцелисходни за целната публика, а понекогаш ќе има и потреба да се земат предвид перспективите и загриженоста на пошироката јавност, како и на локалните заедници на тие обуки. Затоа, обуките мора да ги користат најновите податоци од истражувањето и следењето на искривоколчувањето на холокаустот.

Прашањата што се наведени тука ја претставуваат суштината на содржината и на целите што сакаме да ги постигнеме преку учење. Нештата ќе се менуваат со текот на времето. Имајќи ги предвид овие важни работи, програмите треба да одговорат на прашањата зошто искривоколчувањето на холокаустот претставува закана, какви форми има и каква е неговата поврзаност со другите појави. Тие треба да имаат повеќенаменски пристап кој ќе ги опфаќа трендовите во медиумите и на интернет, динамиката на искривоколчувањето на холокаустот, релевантните локални и меѓународни стандарди, како и регулативите или законите што се однесуваат на слободата на изразување.

## ОСНОВНИ ПРАШАЊА ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ОПФАТЕНИ СО ОБУКИТЕ

- Зошто се важни препознавањето и справувањето со искривоколчувањето на холокаустот?
- Кои се основните форми и манифестации на искривоколчувањето на холокаустот?
- Која е разликата помеѓу негирањето и искривоколчувањето на холокаустот?
- Каков е меѓународниот, националниот и локалниот контекст?
- Каква е врската помеѓу искривоколчувањето на холокаустот и појавите како што се неточното прикажување на историјата, антисемитизмот, говорот на омраза, кривичните дела од омраза или слободата на изразување?
- Ако историите на некои држави го искривуваат сеќавањето или разбирањето на холокаустот, каква обврска имаат поединците за решавање на овој проблем?
- Кои се ефективните начини за спречување и справување со искривоколчувањето на холокаустот во областа на работата на соодветната целна група, истовремено почитувајќи ја слободата на изразување?

Можни форми на активности би биле, од тематски дискусии, па сè до сеопфатни работилници. Во одреден контекст, модулот за искривоколчување на холокаустот би можел да се обработува во рамките на поширока програма која се однесува на говорот на омраза и слободата на изразување, човековите права и воопшто на прашања поврзани со антисемитизмот или холокаустот.

Во други земји, каде што овој проблем би бил поизразен, може да се организира сеопфатна работилница наменета за целната група, како што се лица од правосудството или медиумите, а на тема (како пример), почитување на меѓународните стандарди за слободата на изразување и истовремено справување со негирањето на злосторствата против човештвото.

# КЛУЧНИ ТЕМИ ЗА РАБОТИЛНИЦИТЕ

**Историска писменост**

Основно историско знаење за холокаустот, примери како оваа тема била запаметена и истражувана, но и запознавање со (и разбирање на) постојаните предизвици во оваа област.

**Форми на искривоколчување на холокаустот**

Тука се мисли на препознавање на начините на искривоколчување на холокаустот, реторичките стратегии, поврзаните мотиви од политичка и идеолошка природа, нивниот однос со изразувањето на омраза и штетата што им ја нанесуваат на поединци, заедници и цели општества.

**Медиумска и информациска писменост**

Вклучува објаснување и препознавање на трендовите на искривоколчување на холокаустот во традиционалните и интернет-медиумите, како и вештини за критичко размислување кои се неопходни за препознавање и справување со искривоколчувањето на холокаустот.

**Регулативи и закони**

Станува збор за локални, регионални и национални регулативи во врска со говорот на омраза, негирањето и искривоколчувањето на холокаустот; како функционираат овие механизми; дали ја заштитуваат и ја промовираат слободата на изразување во согласност со меѓународните стандарди; и кој е задолжен за спроведување на овие регулативи и закони.

**Општи теми**

Вклучува нетолеранција и дискриминација, едукација за човековите права, справување со насилниот екстремизам, теми поврзани со холокаустот и антисемитизмот.

# За кого е наменета: креатори на јавното мнение и ментори

**Програмите за обука ќе им помогнат на разни целни групи да ја препознаат сериозноста на оваа појава, но и ќе помогнат во градењето капацитети и вештини за ефективно справување со искривоколчувањето на холокаустот.**

Програмите за обука треба да бидат приспособени на целните групи кои имаат различно културолошко потекло и различни професии. Тука се мисли на креаторите на политики и на оние што ги носат одлуките (официјални лица од министерства, локални власти, медиуми, креатори на закони и правосудство, полиција, вработени во социјалните мрежи и компании на интернет). Обуката за препознавање и одговор на искривоколчувањето на холокаустот би можела да поттикне дополнителни промени во политиките, вклучително и во деловите кои имаат влијание на општото образование. Овие програми би можеле да влијаат и на други обуки, како оние што се однесуваат на развојот на наставните програми и учебници наменети за училиштата или универзитетите.

## ПРОГРАМИТЕ ПРИСПОСОБЕНИ НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ МОЖАТ ДА ИМ ПОМОГНАТ НА СЛЕДНИВЕ СУБЈЕКТИ:

**Креатори на политики**

- во препознавањето на сериозноста на оваа појава;
- во препознавањето на искривоколчувањето на холокаустот и на неточното прикажување на фактот, кога холокаустот се користи како реторичко средство во служба на социјални, политички и идеолошки агенди;
- за вметнување на темата искривоколчување на холокаустот во акциските планови на владата и на меѓуресорските субјекти наменети за справување со антисемитизмот и со поврзаните форми на пристрасност.

**Засегнатите страни во образованието**

- за да се обезбеди дека образовните политики и програми го препознаваат и се справуваат со прашањето на искривоколчувањето на холокаустот и со медиумската и информациска писменост.

**Органи кои го спроведуваат законот и правосудството**

- во градењето вештини за ефективно спроведување на постојното законодавство и регулативи;
- препознавање на сивите зони и граници на искривоколчувањето на холокаустот и на неговата природа која не подразбира дека станува збор за кривично дело, за да се обезбеди дека напорите за справување со искривоколчувањето на холокаустот не значат и неоправдано кршење на правото на слобода на изразување.

**Новинари, креатори на медиумски содржини и проверувачи на факти**

- во градењето разбирање за тоа како да се препознае и јавно да се побие и отфрли искривоколчувањето на холокаустот.

**Технолошки компании**

- во препознавањето на појавните форми на искривоколчување на холокаустот на нивните платформи и во утврдувањето на најдобрите практики за реагирање на транспарентен начин, кој е во согласност со меѓународните стандарди за човековите права.

III

# Зајакнување на институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот: заштита на историската документација

—

Во овој дел ќе се осврнеме на предизвиците со кои се соочуваат меморијалните центри, автентичните места, музеите, архивите и другите субјекти кои се занимаваат со темата на национална или локална историја, кога станува збор за искривоколчување на холокаустот. Тука, повторно, меѓународната соработка може да има значително позитивно влијание.

**Изминаа повеќе од 75 години од завршувањето на Втората светска војна. Институциите кои нè учат во врска со холокаустот и кои го одржуваат сеќавањето на овој настан и на она што се случувало потоа, се многу важен одбранбен бедем против искривувањето на овој настан од историјата. Клучна важност во оваа задача имаат документацијата, фотографиите, предметите, пристапот до автентичните места и евидентираните сведочења на преживеаните и на другите сведоци, особено што сега доаѓа ново време кога речиси веќе и да нема преживеани сведоци од тој период.**

Овие институции се најчесто онаа директна контакт-точка со јавноста (тука се мисли на контакти со училишни групи, научници, туристи и поединечни посетители) коишто нудат повеќекратни и единствени можности за заштита на документацијата и за справување со искривоколчувањето на холокаустот.

Со заминувањето на генерацијата луѓе кои успеале да го преживеат холокаустот, овие институции ќе треба да ги одржуваат во живот сеќавањето и разбирањето на холокаустот. Но денес тие се соочуваат со многу нови и единствени предизвици. На пример, во некои земји се цел на десничарски екстремисти и на десничарски популистички движења кои ги ставаат под знак прашање историските факти и често ги попречуваат организираните тури на овие теми. Некои од институциите постојат во општества и култури кои го толерираат искривувањето на историјата, кои прават споредби помеѓу историски сеќавања (на пример, советски и нацистички злосторства) или ги слават оние кои другите ги сметаат за воени злосторници; некои се соочуваат и со губење на јавната финансиска поддршка и често се подложени на политизација на историјата (вклучително и на комеморативните настани) за партиски и за други идеолошки цели.

Опремени со поддршка која овозможува проширување на изложбените поставки и соодветна обука, професионалните лица од автентичните места и институциите кои ја опфаќаат темата на холокаустот (вклучително и раководството и водичите) ќе бидат во можност подобро да одговорат на широкиот спектар предизвици што се јавуваат при пренесувањето на оваа историја на целни групи со различно потекло.

Финансирањето од државата за овие институции мора да биде сигурно. Тоа исто така треба да биде и безусловно, во согласност со Меѓународната повелба на ИХРА за меморијалните музеи, во која се вели: „... државите, владите и локалните власти имаат голема одговорност кон меморијалните музеи. Тие треба да ги зачуваат нивните збирки и да им овозможат највисок можен степен на независност од политички директиви“. Со други зборови, локалните или националните власти не смеат да ги притискаат институциите да ја прикажуваат историјата на начин што им одговара на одредени политички или идеолошки перспективи. Неопходна е поголема соработка меѓу владите и институциите со цел да се подобрат програмите за посетителите; да се

подготват стручните лица во давањето одговор на искривоколчувањето на холокаустот; и да се обезбеди дека самите изложбени поставки не ја искривуваат (ненамерно) историјата. Како што е наведено во Меѓународната повелба на ИХРА за меморијалните музеи, овие институции, како музеите на современата историја, секогаш се ангажирани во критикувањето на сопствената историја.

Во согласност со оваа заложба, неопходно е да се вложуваат напори со кои ќе се избегнува на една иста изложба холокаустот да биде прикажан заедно со злосторствата сторени од други окупатори (што не ги направиле нацистите и нивните соработници), без разлика дали таа изложба е од привремен или постојан карактер. Во ситуации кога не е можно вакво разграничување, потребно е да се посвети особено внимание да се избегне прикажувањето на холокаустот како минорен настан, дури и во споредба со други злосторства.

**Препораки за креаторите на политики:**

## 1 Да се обезбеди одржлива и безусловна поддршка

Стабилната финансиска, материјална и техничка помош им овозможува на институциите да воведуваат нови изложбени поставки, да ги прошируваат постојните и да се справуваат со искривоколчувањето на холокаустот, истовремено задржувајќи ја својата независност од политички притисоци.

## 2 Развивање рамка за организирање посети

Поттикнување на владите да развијат одржлива рамка со која ќе се обезбеди дека во наставните програми се содржани посети на ученици (лично и преку интернет) на музеи и места поврзани со холокаустот, заедно со нивна претходна подготовка и последователен разговор.

## 3 Поддршка на професионалниот развој на кадарот

Институциите за холокаустот кои се финансирани од државата треба да овозможат професионален развој и да водат сметка дека изложбените поставки не ги прикажуваат (ненамерно) погрешно аспектите на оваа историја. Вработените треба да го имаат соодветното знаење за да работат со различни публики и групи.

## 4 Зајакнување на меѓународната соработка и размена

Соработка со поважните институции (на пример, УНЕСКО и/или националните министерства за култура, со поважните професионални организации (како што е ICOM) и меѓународните мрежи на институции, кои се занимаваат со темата на холокаустот, како што е ИХРА, сè со цел, да можат, во соработка со експерти од ИХРА, да ги поддржуваат напорите за справување со искривоколчувањето на холокаустот (вклучително и можноста за организирање посебни изложбени поставки на таа тема).

# Обезбедување одржлива поддршка: поткрепа за институциите кои ја заштитуваат историјата

**Институциите кои во фокусот на својот интерес го имаат холокаустот (како што се музеи, меморијални институции, автентични места и други кои имаат активна улога во образованието на оваа тема) имаат потреба од дополнителни финансиски средства за борба против растечката игнорантност кон оваа историја и за одговор кон сè поинтензивните антисемитски теории на заговор, кои се поврзани со актуелните настани (во моментов се однесуваат на потеклото и ширењето на корона вирусот).**

Владите треба да обезбедат редовно и стабилно финансирање и поддршка за овие институции (ова исто така вклучува и морална, материјална и техничка помош). Државите или локалните власти би требало да ги засилат конкретните иницијативи чија цел е справување со искривоколчувањето на холокаустот, да се консултираат со меѓународни експерти за да ги проверат фактите во своите историски наративи кои се однесуваат на холокаустот и треба да застанат зад институциите, во случај да бидат предмет на напад од оние кои намерно го искривоколчуваат холокаустот. Како што е наведено и во Меѓународната повелба за меморијалните музеи на ИХРА, важно е ваквата поддршка да биде безусловна.

Со поддршката изложбените поставки, публикациите и едукативните можности ќе можат да бидат поактивни бидејќи се обраќаат на широката јавност. Освен тоа, владите мора да им обезбедат на институциите што се занимаваат со темата на холокаустот едноставен пристап и мали финансиски оптоварувања кога користат материјали (документација, филмски материјал, фотографии итн.) што се во сопственост на државни архивски институции или се под надлежност на државата.

## ИНСТИТУЦИИТЕ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ОДРЖЛИВО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА СЛЕДНИВЕ ЦЕЛИ:

- Професионален развој и постојана едукација на своите вработени, со акцент на препознавање и одговор на искривоколчувањето на холокаустот.
- Истражувања поврзани со искривоколчувањето на холокаустот.
- Организирање изложби кои помагаат во подигањето на свеста.
- Поттикнување посети од училишта, со соодветна претходна подготовка и последователен разговор.
- Развој на системи за рано предупредување во однос на растечките трендови чија цел е намерно искривоколчување на холокаустот.
- Постојано присуство на интернет и следење на интернет-страници.

# Дефинирање рамки за групни посети и програми за среќавање: подготовка пред посетата и последователен разговор

**Креаторите на политики треба да ги поттикнуваат владите да развиваат одржлива рамка со која ќе се обезбеди дека наставните програми во училиштата содржат и посети на автентични места, меморијали или музеи, наменети за ученици од соодветната возраст, со претходна подготовка и со последователен разговор. Целта е учесниците да научат да ги препознаваат појавните форми на искривоколчување на холокаустот. Едукативните посети треба да бидат резултат од соработката меѓу институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот и образовниот орган.**

Од причина што можат да допрат до пошироката јавност, меморијалните центри на холокаустот, музеите и автентичните места ја прикажуваат историјата на јасен и директен начин. Нивна задача е посетите од организирани групи да се со претходна подготовка, а по посетата да се поттикне разговор како физички така и на интернет-форуми, со цел да се задржи интересот.

За да се обезбеди дека оваа тема (искривоколчување на холокаустот) е соодветно опфатена, институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот треба да соработуваат со образовните власти (онолку, колку што дозволуваат капацитетите) за да ги подготват групните посети со факти, историски контекст и соодветни достапни наративи. Финансирањето треба да биде посебно наменето за оваа цел.

# Професионален развој: овозможување насоки за водичите

**Водичите постојано се соочуваат со искривоколчување на холокаустот, па затоа мора да имаат можност да го прошируваат знаењето во врска со историјата на холокаустот, како и вештините, за да одговорат на обидите за можно искривоколчување. Нивното работење треба да ја има и поддршката од владите и креаторите на политики, и тоа може да резултира со поголема свест како поединци или влади, кои разбираат како да се препознаат (и кога е соодветно да се реагира) постапките на искривоколчување на холокаустот.**

Институциите што се занимаваат со темата на холокаустот допираат до широката јавност. Тие можат да дадат совет или да се вклучат во обуки наменети за креаторите на политики и да бидат клучни партнери во справувањето со обидите за искривоколчување на холокаустот. Потесната соработка со образовните власти ќе ги подобри обуките и подучувањето кај овие институции и истовремено ќе обезбеди дека тие и оние кои ги финансираат од централно ниво, не ги прикажуваат погрешно (намерно или ненамерно) аспектите поврзани со историјата на холокаустот.

Креаторите на политики треба да овозможат поддршка и рамка за едуцирање на музејските водичи со цел да ја разберат историјата на холокаустот и да препознаваат/реагираат на формите за искривоколчување на овој настан од историјата.

Неопходно е да се вложат напори за ангажирање кадар кој потекнува од опкружувањето во кое дејствува институцијата или припаѓа на нејзината целна публика. На тој начин можеме да создадеме подобар одговор кон обидите за искривоколчување на холокаустот и да поттикнеме посети на лица од најразличен профил.

# Зајакнување на меѓународната соработка: искривоколчувањето на холокаустот не познава граници

**Меѓународната соработка меѓу институциите што се занимаваат со темата на холокаустот може да ги поттикне напорите за справување со искривоколчувањето на холокаустот преку размена на добри практики а со цел да се реагира на:**

- **погрешните претстави кај јавноста во врска со холокаустот;**
- **притисоците да се оди во прилог на политички прифатливи но историски неточни наративи; или**
- **искривоколчување на холокаустот кое го достигнува својот врв во периоди на политичка или општествена нестабилност.**

Креаторите на политики треба да соработуваат со релевантните институции и меѓународни мрежи што се занимаваат со темата на холокаустот, антисемитизмот и говорот на омраза, за да можат, во вид на мултисекторска соработка и во соработка со експерти од ИХРА, да ги поддржат напорите за справување со обидите за искривоколчување на холокаустот. Резултатите од ваквите активности би требало да доведат до развивање сосредоточени прикажувања на оваа тема, подобар дијалог во врска со предизвиците што ги имаат обидите за искривоколчување на холокаустот врз интегритетот на овие институции, како и до нови пристапи во справувањето со обидите за искривување на историјата и на другите начини на дезинформирање.

IV

# Препознавање и реагирање на искривоколчувањето на холокаустот на интернет

Медиумите на интернет имаат потенцијал да ја зголемат свеста за холокаустот, но истовремено имаат и потенцијал да бидат еден од главните носители на обидите за искривоколчување на холокаустот и на други дезинформации.

**Искривоколчувањето на холокаустот претставува значаен проблем на социјалните мрежи. Коментарите и кампањите кои значат искривоколчување многу лошо влијаат врз поединците и институциите што се занимаваат со темата на холокаустот. Има повеќе иницијативи што произлегуваат од граѓанскиот сектор а се однесуваат на тоа дека социјалните мрежи, т.е. компаниите што стојат зад нив, се одговорни за содржината што се објавува на нивните платформи. Станува збор за важни и неопходни заложби. Освен тоа, креаторите на политики и институциите што се занимаваат со темата на холокаустот мора да станат посвесни за проблемите што произлегуваат од искривоколчувањето на холокаустот на интернет и да работат заеднички за да се спротивстават на ваквите тенденции.**

Аспектите поврзани со искривоколчувањето на холокаустот на социјалните мрежи потсетуваат, до одреден степен, на оваа појава и во другите области: како физички така и на интернет, кога зборовите или темите поврзани со холокаустот се предмет на погрешни толкувања, погрешни прикажувања или злоупотреба, додека разбирањето на холокаустот е под влијание на широк спектар културолошки и регионални фактори. Сепак, интернет-просторот има свои посебни предизвици.

Секоја интернет-платформа има свои карактеристики (бази на податоци на корисници, услови за користење и насоки за заедницата, како и посебен технолошки дизајн) кои влијаат на начините и содржините со кои се искривува историјата на холокаустот. Социјалните мрежи, исто така, овозможуваат

## ПРЕДИЗВИЦИ ВО ВРСКА СО ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕТО НА ХОЛОКАУСТОТ НА ИНТЕРНЕТ:

- некои платформи се попогодни за ширење лажни информации;
- клучните зборови привлекуваат повеќе кликови: Аушвиц, холокауст итн.;
- модераторите мора да знаат да прават разлика помеѓу намерно искривоколчување и искривоколчување кое е последица на игнорантност, и притоа соодветно да реагираат;
- ако им одговориме на некои од оние кои го искривоколчуваат холокаустот, со тоа само ги поттикнуваме во намерата;
- некои од оние кои го искривоколчуваат холокаустот намерно злоупотребуваат одредени содржини, вклучително и содржини од угледни организации како што се музеи и меморијални центри на холокаустот;
- актуелните настани можат да доведат до нагло зголемување на обидите за искривоколчување на холокаустот на интернет.

ваквите содржини да допрат до значително поголем број луѓе во споредба со традиционалните медиуми. Некои од овие целни групи веќе имаат одредени предрасуди во однос на содржините поврзани со холокаустот, а други, пак, можеби недоволно (или воопшто) не ги разбираат релевантноста и важноста на холокаустот. Важно е да се каже дека многу од овие групи ги користат социјалните мрежи за да ги искажат своите погрешни толкувања на холокаустот, за да привлечат нова публика и нејзе да ѝ го пренесат искривоколчувањето на оваа многу важна тема.

Голем е бројот на можни и потенцијални одговори. Прво и основно, неопходно е компаниите што стојат во задницата на социјалните мрежи и се занимаваат со пребарување на интернет да ги следат и, кога е потребно, да преземат активности во однос на широкиот спектар манифестации на говор на омраза и други содржини што би можеле да предизвикаат лоши работи, вклучувајќи ги тука опасното негирање и искривоколчување на холокаустот. Некои од тие активности би биле промовирање на вистинити и веродостојни содржини; додавање етикети „проверен факт"; намалување на рангирањето; намалување на интензитетот; ставање етикета „предупредување" или целосно отстранување на штетните содржини; оневозможување да се добиваат приходи од реклами; и/или деактивирање на профилите на оние што произведуваат и шират такви содржини, вклучително и преку неавтентично координирано однесување. Компаниите со активностите што ги преземаат треба да ги почитуваат меѓународните стандарди за човековите права, како и правата на слобода на изразување и приватноста, овозможувајќи транспарентност и можност за надомест на штета.

Владите треба да обезбедат дека институциите што се занимаваат со темата на холокаустот имаат капацитет да создаваат материјали наменети за едукација на јавноста на интернет за таа тема и како да ги препознаваат искривоколчувањата на холокаустот. Уште повеќе, овие институции треба да соработуваат со креаторите на политики и со компаниите што стојат зад социјалните мрежи во насока на градење разбирање за тоа каква закана претставува искривоколчувањето на холокаустот и како да се препознаат неговите шеми, трендови и појавни форми. Социјалните мрежи и институциите што се занимаваат со темата на холокаустот мора да станат партнери во обидите за справување со тенденциите за негово искривоколчување. Ова не само што ќе доведе до проактивни пристапи туку и,секому ќе овозможи да се вклучи во донесување решенија согласно добрите практики.

Стратегии во оваа смисла би биле овозможување ресурси за проверка на фактите наменети за публиката на интернет; одлучување кога да се одговори, кога да се скријат, блокираат или игнорираат коментарите што значат искривоколчување, кога се појавуваат на профилот на институциите или на други интернет-програми; соработка со дигиталните заедници за заеднички одговори; и поттикнување на социјалните мрежи да ги препознаваат и да одговорат на појавните форми на искривоколчување на холокаустот. Постои исто така и потреба овие институции да соработуваат со својата публика на теми што се поврзани со медиумската и информациска писменост и

да препознаваат дезинформации, вклучително и активности поврзани со искривоколчување на холокаустот. Институциите што се занимаваат со темата на холокаустот можат да соработуваат и со социјалните мрежи, сѐ со цел да се препознаат тенденциите и шемите кои ги покажуваат интересите или недоволното знаење на одредени целни групи; заеднички да развиваат материјали со кои ќе се помогне борбата против злонамерните форми на искривоколчување на холокаустот; или во создавањето стандарди за обука на тела кои би вршеле следење на социјалните мрежи, вклучително интернет-компании, јавни организации и организации од граѓанскиот сектор. Соработката, исто така, ќе им овозможи на компаниите што стојат зад социјалните мрежи и на институциите што се занимаваат со темата на холокаустот да утврдат стратегии што функционираат и начини како најдобро да се соработува со целните групи кои се изложени на ризик од несоодветно разбирање на холокаустот и/или кои употребуваат говор на омраза.

**Се препорачува креаторите на политики да дадат поддршка на:**

## 1 Соработката помеѓу институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот и социјалните мрежи, односно компаниите нивни основачи

Компаниите што стојат зад социјалните мрежи ги имаат податоците неопходни за разбирање на распростанетоста, ширењето и влијанието што го има искривоколчувањето на холокаустот на нивните платформи, што е од суштинска важност за разбирање на оваа појава и на начините за справување со неа. За да можат најефикасно да се справуваат со искривоколчувањето на холокаустот на интернет, компаниите кои стојат зад социјалните мрежи треба да соработуваат со институциите што се занимаваат со темата на холокаустот и со другите организации кои ги имаат потребната содржина и експертиза. Градењето соработка помеѓу овие две страни е првиот суштински чекор.

## 2 Профилите што ги имаат институциите кои се занимаваат со темата на холокаустот на социјалните мрежи

Меморијалните центри, музеите и другите институции кои работат на едукација и сеќавање на холокаустот бараат одржлива и постојана поддршка, неопходна за развој на проактивни алатки и достапни едукативни ресурси, кои ќе бидат отпорни на злоупотреба од оние што го искривоколчуваат холокаустот во динамичниот свет на социјалните мрежи.

## 3 Соработката со организации кои вршат мониторинг

Организациите што ги следат на интернет искривоколчувањето на холокаустот, дезинформирањето и говорот на омраза, како и институциите кои се соочуваат со предизвици од оние што го прават таквото искривување, треба да се поттикнуваат да споделуваат податоци и добри практики со цел да се подобри разбирањето за суштината и за изворите на проблемот.

V

# Дополнителни ресурси

Земјите членки на ИХРА имаат подготвени корисни материјали на теми поврзани со едукација и обука во однос на искривоколчувањето на холокаустот, кои можат да се користат за подигање на свеста и за програми за обука наменети за градење на капацитетите. Дополнително на ова, некои од постојаните меѓународни партнери на ИХРА нудат одредени насоки што можат да ги дополнат програмите за обука во однос на искривоколчувањето на холокаустот.

Имајте предвид дека оваа листа не е исцрпена. За подетална листа на ресурси, проверете на ИХРА интернет-страниците на поединечните држави на: https://holocaustremembrance.com/about-us/countries-membership, како и на прегледот на ИХРА на организации поврзани со холокаустот кој е достапен на https://www.holocaustremembrance.com/resources/overview-holocaust-related-organizations

**Препораки на ИХРА за подучување и учење во врска со холокаустот**

http://holocaustremembrance.com/resources/educational-materials

**ОБСЕ-ОДИХР/УНЕСКО – Справување со антисемитизмот преку образование: насоки за креаторите на политики**

https://www.osce.org/files/f/documents/8/0/383089_0.pdf

**ОБСЕ-ОДИХР – Справување со антисемитизмот преку образование: наставни средства**

https://www.osce.org/odihr/441146?page=1

**УНЕСКО – Едукација во врска со холокаустот и спречување на геноцид. Насоки за креаторите на политики**

https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248071

**УНЕСКО – Препораки за заштита и промовирање на музеите и збирките**

http://www.unesco.org/new/en/culture/themes/museums/recommendation-on-the-protection-and-promotion-of-museums-and-collections/

**УНЕСКО – Препораки во врска со зачувувањето и пристап до документарното наследство, вклучително и она што се наоѓа во дигитална форма**

https://en.unesco.org/memoryoftheworld/recommendation2015

**УНЕСКО – Справување со говорот на омраза на интернет**

https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000233231

# Ресурси за проверка на факти:

**Меморијален музеј на холокаустот на Соединетите Американски Држави во Вашингтон ДиСи**

https://www.ushmm.org/learn

**„Јад Вашем“, Светски центар за сеќавање на холокаустот, Ерусалим, Израел**

https://www.yadvashem.org/holocaust/about.html

**Меморијален центар на Аушвиц и Музеј на поранешниот концентрационен логор на смртта на нацистичка Германија**

http://auschwitz.org/en/history/

# Повелби и работни дефиниции на ИХРА

**Стокхолмска декларација**

https://www.holocaustremembrance.com/mk/about-us/stockholm-declaration

**Министерска декларација на ИХРА од 2020 г.**

https://www.holocaustremembrance.com/mk/about-us/ministerska-deklaracija-na-ikhra-od-2020-godina

**Работна дефиниција за негирање и искривоколчување на холокаустот**

https://holocaustremembrance.com/mk/resources/working-definitions-charters/rabotna-definicija-na-negiraneto-i-iskrivokolchuvane-na?focus=focusareasholocaustdenialanddistortion

**Работна дефиниција за антисемитизам**

https://www.holocaustremembrance.com/mk/resources/working-definitions-charters/rabotna-definicija-za-antisemitizmot

**Работна дефиниција за антициганизам/ дискриминација на Ромите**

https://www.holocaustremembrance.com/resources/working-definitions-charters/working-definition-antigypsyism-anti-roma-discrimination

**Повелба за меѓународните меморијални музеи**

https://holocaustremembrance.com/mk/resources/working-definitions-charters/megunarodna-povelba-za-memorijalni-muzei

INTERNATIONAL HOLOCAUST REMEMBRANCE ALLIANCE

CHAIRMANSHIP GERMANY 2020

UNESCO

United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

In partnership with
**UNESCO**